05 - 1131 /13
01-04-2022

Бр. 0502/288
МЕДИКА 06.04.2022

# ДОГОВОР

## Систематски преглед за вработените во Министерството за животна средина и просторно планирање

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за животна средина и просторно планирање со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје, застапувано од страна на министерот Naser Nuredini (во понатамошниот текст: Договорен орган)

и

2. Приватна Здравствена Установа МЕДИКА Скопје со адреса на ул.Јордан Мијалков бр.62 Скопје застапувано од страна на одговорно лице Емил Угриновски (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

(1) Предмет на овој Договор е набавка на услуги – систематски преглед за вработените во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Носителот на набавката е должен да изврши систематски здравствени прегледи на вработените во Министерството за животна средина и просторно планирање.

(2) Вкупниот број на лица кои ќе подлежат на систематски преглед ќе биде до 227 лица, од кои 120 жени и 107 мажи.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Вкупната вредност на Договорот изнесува до 333.050,00 денари. Вкупната вредност на овој Договор, ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, со уредно потпишана преглед/спецификација за извршените услуги. Во вкупната цена на набавка е содржана вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти.

**Член 3**

Цената на вршење на услугите на стандардниот минимум за систематски преглед согласно прилогот 6 од Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствени прегледи на вработените („Службен весник на РМ"бр. 60/2013) е фиксна и изнесува 800,00 ден по вработен. Стандардниот минимум на систематски преглед е во согласност со член 22 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ"бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013 и 25/2013, 137/13 и 164/13).

**Член 4**

Носителот на набавка е должен да ја изврши услугата согласно единечните цени кои се прикажани подолу:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Вид на здравствена услуга** | **Единечна мерка** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупна цена (4x5)** |
| I. | **ЗАДОЛЖИТЕЛЕН СТАНДАРДЕН МИНИМУМ НА ПРЕГЛЕДИ** | | | | |
| 1. | Анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза, социјалноепидемиолошки податоци, крвен притисок, пулс) | Бр. на прегледи | 227 | 800,00 | 181.600,00 |
| 2. | Статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна висина и индексна телесна маса) | | | | |
| 3. | Основни лабараториски анализи и тоа: седиментација, крвна слика (еритроцити, хемоглобин, хематокрит, леукоцити, гликемија, холестерол, триглицериди), урина, шеќер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент | | | | |
| 4. | Испитување на функцијата на видот (острина на видот за близина и далечина) | | | | |
| 5. | Аудиометрија | | | | |
| 6. | Спирометрија | | | | |
| 7. | ЕКГ (12 одводи) | | | | |
| 8. | Радиофотографија на граден кош – по одлука на лекарот | | | | |
| | **ВКУПНО: ЗАДОЛЖИТЕЛЕН СТАНДАРДЕН МИНИМУМ НА ПРЕГЛЕДИ** | | | | 181.600,00 ден. |

| II | **ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕГЛЕДИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Ред. бр.** | **Вид на здравствена услуга** | **Ед.мерка** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупна цена (4x5)** |
| 1. | Гинеколошки преглед (ЕХО и ПАП тест) | Бр. на прегледи | 120 | 400 | 48.000,00 |
| 2. | Интернистички преглед со ЕХО на внатрешни органи | Бр. на тестови | 227 | 200 | 45.400,00 |
| 3. | Ехо на дојка | Бр. на прегледи | 120 | 200 | 24.000,00 |
| 4. | Ехо на тироидна жлезда | Бр. на прегледи | 227 | 150 | 34.050,00 |
| | **ВКУПНО: ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕГЛЕДИ** | | | | 151.450,00 ден. |

| **Вкупна цена (I+II)** | 333.050,00 денари |
|---|---|

## IV. РОК, МЕСТО И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

(1) Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рок не подолг од 45 (четириесет и пет) дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка од двете договорни страни, при што мора задолжително да внимава прегледите да бидат закажани во периодот од 08:30 до 14:00 часот во работни денови.

(2) Носителот на набавката е должен услугите предмет на овој договор, да ги врши совесно, навремено и квалитетно, според описот и природата на услугите, постапувајќи според упатствата за лекарската етика.

(3) Носителот на набавката се обврзува да ја изврши услугата со дневна динамика на прегледи кои вклучуваат најмногу до 10 лица.

За прегледите на жени - вработени со динамика од 5-10 жени дневно.

(4) Во случај на спреченост, односно одделни вработени лица да не можат да ги извршат прегледите во определените термини, треба да им се овозможи истите да ги извршат дополнително во други термини, но во рамките на важењето на договорот.

Договорниот орган доставува список на вработени со име, презиме и работно место до носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен здравствените прегледи да ги врши во просториите на една здравствена установа или ординации и истите да се наоѓаат во Скопје.

(5) Договорниот орган нема обврска да ги реализира сите максимално предвидени здравствени прегледи, со што Носителот на набавката ќе ги наплати само извршените здравствени прегледи, односно извештајот за вкупно извршени прегледи каде што се наведува бројот на вработените кои биле подложени на здравствени прегледи ќе биде составен дел од фактурата и основа за плаќање на истата.

(6) Економскиот оператор покрај Извештајот прилог 4 од Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствени прегледи на вработените (Сл. Весник на РМ бр. 60/2013) има обврска да изработи и достави комплетен детален извештај за секој вработен поединечно во затворен плик со назнака лично за вработениот којшто во зависност од видот на испитувањето ќе бидат содржани граничните (нормални, дозволени) вредности за соодветниот вид на испитување и утврдената вредност за секој вид на испитување за секој вработен поединечно, односно наодот од соодветно испитување.

(7) Договорниот орган нема обврска да ги реализира сите максимално предвидени здравствени прегледи, со што Економскиот оператор ќе ги наплати само извршените здравствени прегледи.

(8) При извршување на предметот на договорот, задолжително мора да бидат запазени мерките и протоколите препишани за заштита од Ковид 19.

## VI. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

(1) Во случај на доцнење со извршување на предметот на договорот од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

(2) Договорните страни се согласни, во случај Носителот на набавката да не ја изврши услугата која е предмет на овој договор, истиот е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,3% од вкупната цена определена со член 2 од овој Договор, за секој ден на доцнење.

(3) Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој Договор.

## VII. РАЗЛИКА ВО ЦЕНИ (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

**Член 7**

Корекцијата на цените на предметот на Договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на Договорот.

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

(1) Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на прием на фактурата, во архивата на Договорниот орган. Истата не смее Договорниот орган да ја добие пред да се извршат бараните услуги согласно техничката спецификација. Во прилог со фактурата носителот на набавката за извршените прегледи задолжително за секој вработен треба да достави комплетен детален извештај за секоја позиција одделно од техничката спецификација.

(2) Овластената здравствена установа од областа на медицина на трудот исто така изготвува и Извештај за вкупно извршени прегледи каде што го наведуваа бројот на вработените кои биле подложени на здравствени прегледи. Овој Извештај ќе биде составен дел од фактурата и основа за плаќање на истата.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, носител на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на услугата, дефинирани по елементи како во член 4 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите:
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- вкупна цена за исплата фактура,

- валута на плаќање.

Член 10

Договорниот орган не смее да ја добие фактурата пред да се извршат бараните услуги согласно техничката спецификација.

## X. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА

Член 11

(1) Носителот на набавката се обврзува податоците за лицата кои се корисници на здравствените услуги да ги чува согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

(2) Носителот на набавката се обврзува да ги чува и да не ги направи достапни за трети лица, податоците кои потекнуваат или се однесуваат на лицата кои се корисници на здравствените услуги, а со кои носителот на набавката се запознал во текот на извршувањето на договорот.

(3) Носител на набавката се обврзува на секој вработен од член 4, да ги изврши следните прегледи:

### 1. ЗАДОЛЖИТЕЛЕН СТАНДАРДЕН МИНИМУМ НА ПРЕГЛЕДИ

- анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза, социјалноепидемиолошки податоци, крвен притисок, пулс);
- статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна висина и индексна телесна маса);
- основни лабараториски анализи и тоа: седиментација, крвна слика (еритроцити, хемоглобин, хематокрит, леукоцити, гликемија, холестерол, триглицериди), урина, шеќер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент;
- испитување на функцијата на видот (острина на видот за близина и далечина);
- аудиометрија;
- спирометрија;
- ЕКГ (12) одводи и
- радиофотографија на граден кош – по одлука на лекарот.

### 2. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕГЛЕДИ

- За жени: Гинеколошки преглед (ЕХО и ПАП тест), Ехо на дојка;
- За сите вработени: Интернистички преглед со ЕХО на внатрешни органи и Ехо на тироидна жлезда.

(4) Договорните страни се обврзуваат да именуваат лица, кои ќе го следат извршувањето на утврдениот динамички план од двете договорни страни.

Член 12

Прегледите се извршуваат во согласност со член 22 став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, („Сл. весник на РМ" бр. 25/2013).

**Член 13**

Носителот на набавката покрај Извештајот прилог 4 од Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствени прегледи на вработените (Сл. Весник на РМ бр. 60/2013) има обврска да изработи и достави комплетен детален извештај за секој вработен поединечно во затворен плик со назнака лично за вработениот којшто во зависност од видот на испитувањето ќе бидат содржани граничните (нормални, дозволени) вредности за соодветниот вид на испитување и утврдената вредност за секој вид на испитување за секој вработен поединечно, односно наодот од соодветно испитување.

**Член 14**

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се придржува на цените на услугите дадени во понудата до договорниот орган, односно дека ќе ги почитува погодностите дадени во понудата.

**Член 15**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во времето и на местото предвидено во член 5 од овој Договор.

## XI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 16**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката согласно утврденото во член 8 од овој Договор.

**Член 17**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно извршувањето на предметот на набавката.

## XII. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 18**

Договорот се склучува на определено време за период од 90 (деведесет) дена од денот на склучувањето на договорот од двете договорни страни.

## XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 19**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## XIV. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 20**

Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

**Член 21**

(1) Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

(2) При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

## XV. ВИША СИЛА

**Член 22**

(1) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

(2) По отстранувањето на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVI. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 23**

(1) Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

(2) Кога една од договорните страни нема да ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпела поради тоа.

(3) За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна ѝ дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување, иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

(4) Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила навреме.

**Член 24**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 25**

(1) Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој таа инаку не одговара.

(2) Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

**Член 26**

(1) Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.
(2) Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

**Член 27**

(1) Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш ѝ биле познати или морале да ѝ бидат познати.
(2) Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.
(3) Ако при повреда на обврската, покрај штетата за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместокот за неа ќе се води сметка во разумна мера.
(4) Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместокот.

**Член 28**

(5) Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена навреме.

## XVII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 29**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XVIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 30**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 31**

(1) Кога една од договорните страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе ѝ остави примерен дополнителен рок од 5 (пет) дена за исполнување на обврската.

(2) Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок нема да ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 32**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 33**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 34**

(1) Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивно извршување), Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска од Договорот, Договорниот орган може во разумен рок да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

(2) Договорниот орган може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски, туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

**Член 35**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да ѝ го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 36**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 37**

(1) Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

(2) Ако едната страна го извршила договорот целосно или делумно има право да ѝ се врати она што го дала.

(3) Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

(4) Секоја страна ѝ должи на другата надомест за korиста што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

**Член 38**

(1) Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и

дека според општото мислење би било неправедливо да се одржи во сила таков каков што е, страната на која ѝ е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната којашто поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот, може да бара договорот да се раскине.
(2) Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во времето на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.
(3) Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.
Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.
Ако судот на барање од другата страна изрече раскинување на договорот, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да ѝнадомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 39**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила ќе одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не ѝ било соопштено навреме.

## XIX. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

**Член 40**

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## XX. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

(1) Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
(2) Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.
(3) Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 42**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без заемна писмена согласност.

**Член 43**

(1) Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои носителот на набавка задржува 4 (четири) примероци, додека носителот на набавка 2 (два) примерока.

(2) Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

НАРАЧАТЕЛ НА УСЛУГА:
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**
**Министер,**
**Naser Nuredini**

ИЗВРШИТЕЛ НА УСЛУГА:
**Приватна Здравствена Установа**
**МЕДИКА Скопје**
**Генерален менаџер,**
**Емил Угриновски**

**Изготвил**: Faton Darlishta
**Проверил**: Burbuqe Haxhijaha
Марјан Крстевски
**Согласен**: Весна Петрушевска
**Одобрил**: Државен Секретар
Каја Шукова

*Прилог: Понуда на Приватна Здравствена Установа МЕДИКА Скопје